РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 12-4544/2
05.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1, 13 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15) и Овластувањето бр.03-3706 од 06.09.2024 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш.арх.бр.12-4544/1 од 04.11.2024 година, поднесено од барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, [redacted] е-маил: [redacted] преку [redacted] од Правна служба на барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, на ден 05.11.2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, наш.арх. бр.12-4544/1 од 04.11.2024 година, поднесено од барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, [redacted], е-маил: [redacted], преку [redacted] Правна служба на барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, во однос на следната информација од јавен карактер:

- основни податоци за операторот Услужно трговско производно друштво НАФИ И БЕКО ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар (тековна состојба) доколку имате,
- во кој период е утврдено незаконското реемитување односно од кој до кој датум е вршено дејствието и дали сеуште трае и по доставеното решение на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до операторот и
- снимка од извршениот програмски надзор доколку постои таква можност.

2. **СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, на начин што Ве известуваме за следното:

- сите податоци за операторот со кои располага Агенцијата се јавно достапни на нашата веб страна односно во Регистарот на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа, на следниот линк: https://avmu.mk/ojekm-mk/;
- бесправното реемитување на програмскиот сервис на Канал 5 телевизија Агенцијата го констатира при вршење на редовен програмски надзор на ден 17.10.2024 година, за што Агенцијата изготви писмен извештај

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18)

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

(наш бр.11-4298/1 од 17.10.2024 година) кој е објавен на нашата веб страна заедно со донесеното Решение (наш бр.11-282 од 24.10.2024 година).

Истите можете да ги преземете на следниот линк: https://avmu.mk/2024/10/29/%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%bf%d0%be%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%be%d0%bf%d0%b5%d1%80%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%80%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%b4%d1%80%d0%b8%d0%bc-%d1%81%d0%b0%d1%82/;

- снимка од извршениот програмски надзор, која се доставува во прилог на ова Решение, како Прилог бр.1.

**Образложение**

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, ул. Скупи бр. 145, Скопје, е-маил: преку равна служба на барателот на информација ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје, поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер наш.арх. бр.12-4544/1 од 04.11.2024 година, со кое се бара пристап до следната информација од јавен карактер: основни податоци за операторот Услужно трговско производно друштво НАФИ И БЕКО ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар (тековна состојба) доколку имате; во кој период е утврдено незаконското реемитување односно од кој до кој датум е вршено дејствието и дали сеуште трае и по доставеното решение на Агенцијата до операторот и снимка од извршениот програмски надзор доколку постои таква можност.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека располага со бараната информација од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1, 13 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, член 88 од Законот за општата управна постапка и Овластувањето бр.03-3706 од 06.09.2024 година, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

________________________

Цветанка Митревска

Прилог (1):

- снимка од извршениот програмски надзор.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**по овластување од Директорот,**

________________________

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.